Врз основа на член 41 од Статутот на Македонската берза АД Скопје, Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје на својата 78-ма седница одржана на ден 29.10.2012 година донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Со цел создавање на услови за обезбедување на регуларност, транспарентност и заштита на интегритетот на пазарот на хартии од вредност при тргување со акции издадени од командитни друштва со акции, со овој Заклучок се врши интегрално толкување на одредбите во член 3, став 3, алинеја 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Правилата за однесување и дисциплина кои гласат:

   “(3) Членката на Берзата и брокерите се особено должни во своето работење да ги применуваат следните начела и принципи на однесување:
   - да постапуваат совесно и професионално во своето работење;
   - да се грижат за заштита на интересите на клиентите;
   - да ги почитуваат одредбите од сопствените акти, а особено Контролните процедури на членката;
   - да поддржуваат високи стандарди на интегритет и фер тргување;
   - да постапуваат со соодветна вештина и внимание;
   - да се обидат да обезбедат информации за целите на инвестицијата на клиентот и навремено и на разбирлив начин да му ги дадат на клиентот неопходните информации и податоци потребни за донесување одлука за инвестирање и за природата на евентуалните ризици од инвестирањето;”

   во следнава насока:

   1.1. Кога членка на Берзата од нов или постоен клиент за прв пат ќе прими налог за купување на акции издадени од конкретно командитно друштво со акции на Редовниот пазар на Берзата (во понатамошниот текст “Налог”), членката е должна најдоцна пред приемот на Налогот да обезбеди писмена изјава од клиентот чија содржина е утврдена во Прилог 1 на овој Заклучок (во понатамошниот текст “Изјава”).

   1.2. Доколку клиентот одбие да даде Изјава на членката, членката е должна да го одбие Налогот од клиентот. Доколку членката прими Налог, согласно одредбите на Законот за хартии од вредност, подзаконските акти на Комисијата за хартии од вредност и Правилата за тргување на Берзата за прием на налози, без да обезбеди Изјава од клиентот, членката ќе биде одговорна за повреда на одредбите на Правилата за однесување и дисциплина на Берзата кои се предмет на толкување со овој Заклучок, како и за евентуалната штета што клиентот би ја претрпел како последица на неинформирано тргување со акциите на конкретното командитно друштво со акции.

2. Овој Заклучок се доставува до Комисијата за хартии од вредност, членките на Берзата и архивата на Берзата и истиот се објавува на веб страницата на Берзата.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кирил Митровски**

# П Р И Л О Г 1

Јас/Ние _________________ со ЕМБГ/МБС ________________ ја давам/е следната:

## И З Ј А В А

1. Запознаен/и сум/сме со релевантните одредби од важечкиот Закон за трговските друштва кои го регулираат командитното друштво со акции, како посебна форма на трговско друштво.
2. Запознаен/и сум/сме дека освен со одредбите на Закон за трговските друштва, внатрешното уредување на командитното друштво со акции, вклучувајќи ги односите помеѓу сопствениците (комплементарите и командиторите), односите помеѓу друштвото и сопствениците, уделите на сопствениците, одлучувањето на сопствениците, управувањето со друштвото и престанувањето на друштвото, можат дополнително и на специфичен начин да се регулираат со Договорот за основање на секое поединечно командитното друштво со акции, вклучително и специфичните елементи кои ги афектираат моите/нашите права и обврски што произлегуваат од сопственоста на акциите издадени од командитното друштво со акции.
3. Запознаен/и сум/сме дека акциите издадени од ________________ не котираат на Официјалниот пазар на Македонска берза АД Скопје.
4. Свесен/ни сум/сме дека за целосно и правилно информирање за внатрешното уредување на ________________ и за правата и обврските содржани во акциите издадени од ________________, како и за донесување на квалитетна и информирана инвестициска одлука за купување на акции издадени од ________________, неопходно е целосно да се запознам со одредбите на Договорот за основање на ________________, кој може да се обезбеди од ______________________ и од други надлежни органи.

______________________________